# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **06.08.2018 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 8 – 2018 год.** |

АВГУСТ 2018

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 35 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 11-та седница одржана на ден 30.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на полугодишна информација за бебедносната состојба на подрачјето на ПС –Македонски Брод за прво полугодие од 2018 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод ја усвои полугодишната информација за бебедносната состојба на подрачјето на ПС – Македонски Брод за прво полугодие од 2018 година.

**2.** Овај Заклучок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави и во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18-760/3**
**30.07.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС – Македонски Брод за прво полугодие од 2018 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС –Македонски Брод за прво полугодие од 2018 година**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003...4/17 пречистен текст) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I I квартал за 2018 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за втор квартал за 2018 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18 - 760/5** **Совет на општина Македонски Брод**

**30.07.2018 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** **Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод" бр.2/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот „Доградба на локалниот пат за селото Косово"**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува кофинансирање на Општина Македонски Брод во потпроектот **„Доградба на локалниот пат за селото Косово"** во висина од 870.000.00 ден. со ддв.

Член 2

Кофинансирањето во овој проект ќе биде за заокружување на финансиската конструкција за „Доградба на локалниот пат за селото Косово" финансиран со обезбедени средства (заем) преку проектот за подобрување на општински услугите (МСИП) на Министерството за финансии и Светска банка во износ од 11.610.654.00 ден.

Член 3

Средствата потребни за финансиско учество ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Макдонски Брод.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да потпише изјава за кофинансирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод".

**Бр.18- 760/6**
**30.07.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот „Доградба на локалниот пат за селото Косово“**

Се објавува **Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот „Доградба на локалниот пат за селото Косово“,** што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, и 4/17 пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.07.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За одобрување на паричен и непаричен придонес за кофинансирање на потпроектот „Доизградба и модернизација на локалниот пат од туристичка населба Близанско до туристичка населба Здуње“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на Општина Македонски Брод во потпроектот „**Доизградба и модернизација на локалниот пат од туристичка населба Близанско до туристичка населба Здуње“** во висина од 10% од вкупната проектна финансиска вредност 53.303.400 кое ќе изнесува вкупно 5.330.340 денари.

**Член 2**

Кофинансирањето во овој потпроект ќе биде во две компоненти: паричен придонес во висина од 3.276.201 денари и непаричен придонес вредност во висина од 2.054.139 денари, односно, севкупен ангажман на дел од вработените во општинската администрација.

**Член 3**

Средствата потребни за финансиското учество ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да потпише Изјава за кофинансирање.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр: 18 – 760/7**
**30.07.2018 год.**

**Претседател на Совет**
**на Општина Македонски Брод,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за одобрување на паричен и непаричен придонес за кофинансирање на потпроектот „Доизградба и модернизација на локалниот пат од туристичка населба Близанско до туристичка населба Здуње“**

Се објавува **Одлука за одобрување на паричен и непаричен придонес за кофинансирање на потпроектот „Доизградба и модернизација на локалниот пат од туристичка населба Близанско до туристичка населба Здуње“**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

# *МЕТОДОЛОГИЈА*

## *ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД БУЏЕТОТ НА*

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и одредбите од меморандумот за соработка помеѓу Општина Македонски Брод и здружението Институт за развој на заедницата Тетово бр. 16-159/2 од 30.01.2018 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.07.2018 година, донесе:

# МЕТОДОЛОГИЈА<br>ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Со овој документ се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод наменети за поддршка на проекти на здруженија на граѓани и фондации.

## ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА

Буџетските средства се распределуваат на здруженија и фондации кои се регистрирани според Закон за здруженија и фондации во Република Македонија, со седиште во Општина Македонски Брод без разлика дали се новоформирани или со искуство.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТНИТЕ ОБЛАСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

Средствата планирани од Буџетот на општината од ставката Г1- Трансфер до НВО, се наменети за поддршка на проекти на здруженија и фондации кои придонесуваат за постигнување на целите утврдени во стратешките документи, програми и планови на општината.

## ЈАВЕН ПОВИК

Распределбата на средствата за проекти за здруженија и фондации се врши врз основа на јавен повик (во понатамошниот текст: повик), објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за локален економски развој за доделување на средства на здруженија и фондации,на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање.

Јавниот повик се објавува најдоцна 3 месеци по усвојувањето на Буџетот на општината. Рокот за поднесување на пријавите ќе биде 30 дена од датумот на објавувањето на повикот.

Износот на вкупните средства за финансирање или кофинансирање на проекти се утврдува секоја година со одлука на Советот на Општина Македонски Брод.

Висината на финансиските средства за кои може секое здружение или фондација да аплицира до општината ќе се определува согласно одлуката донесена од страна на Советот на општината.

Повикот ги содржи следните елементи:

- Приоритетни области и цели;
- Основни организациски критериуми;
- Посебни проектни критериуми;
- Временска рамка за спроведување на проектите;
- Вкупно предвидени/достапни средства;
- Висина на достапни средства за поединечен проект;
- Потребна документација за пријавување;
- Рок за поднесување на пријавите;
- Рок за известување за резултатите и
- Адреса на која треба да се испратат документите.

Пријавите со непотполна документација или по истекот на рокот за пријавување нема да бидат предмет на понатамошно разгледување. Доставените прилози не се враќаат.

Здруженијата и фондациите на повикот можат да настапуваат самостојно, со најмногу два проекти или партнерски, преку заеднички проектни активности, но од предложените проекти само еден може да биде финансиски поддржан.

## ПОСТАПКА ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

**Комисија за распределба на средства**

Стручна оценка и избор на здруженија и фондации на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисија за јавни повици( во понатамошниот текст Комисија) формирана од страна на Градоначалникот на општината. Комисијата ја сочинуваат три члена и нивни заменици. Во комисијата учествуваат по два претставника од општинската администрација, Одделение за ЛЕР во чија надлежност е работата на здруженијата на граѓани и еден претставник од од здруженија/фондации. Комисијата ја именува градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Претставникот на здруженија/фондации е делегиран од самите организации кои делуваат во Општина Македонски Брод. На состанок , граѓанските здруженија и фондации избираат претставник од граѓанските здруженија и фондации и негов заменик. Мандатот на комисијата трае 4 години со право на реизбор.

Комисијата ги има следните надлежности:

1. Ги разгледува апликациите за предлог проектите на здруженијата и фондациите;
2. Избира проекти кои се предложени за финансирање или кофинансирање;
3. Изготвува записник и доставува до Градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка, согласно утврдените бодови, заради одлука од Советот на општината за распределба на средствата и
4. Ја следи реализацијата на проектите и известува до Одделението на ЛЕР

Во случај на судир на судир на интереси, односно, кога подносителот на проектот е член на Комисијата или е вработен во институцијата, или на било кој начин е вклучен или поврзан со активности во склоп на некој од проектите, како член на комисијата е должен да ги извести другите членови на комисијата, по што се исклучува од дискусијата и гласањето по предлогот на проектот каде се појавува таквиот судир на интереси, а на негово место се вклучува неговиот заменик.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година, на својата веб страница.

По донесувањето на одлуката од страна на Советот на општината за распределба на финансиските средства, Комисијата е должна во рок од 5 дена по донесувањето на Одлуката, пред потпишувањето на договорот да направи усогласување на активностите на проектите согласно добиената финансиска поддршка со сите приматели на средствата.

ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

Одлуката за распределба на средства ја донесува Советот на Општина Македонски Брод по предлог на Градоначалникот, а врз основа на препораките од Комисијата за распределба на средства за здруженија и фондации, по спроведена евалуација на проектот врз основа на утврдените критериуми. Во случај кога два или повеќе проекти добиваат ист број на поени, а средства кои се на располагање не се доволни за нивно финансирање, средствата ќе бидат подеднакво распределени согласно бодовната листа.

Проценка на квалитетот на проектот, вклучувајќи го предложениот буџет, ќе се врши во согласност со критериумите утврдени и дадени во табелата за евалуација.

Во процесот на одобрување на проектите во насока на сугестии, дообјаснување на одредени работи, наведени во проектната апликација, апликантите може да бидат повикани за презентација пред членовите на комисијата. Комисијата може да ги повика апликантите кои се со слични теми да соработуваат на заеднички иницијативи.

Во рок од најмногу 30 дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми. Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени

средства, доколку врз основа на доставените апликации увиди дека квалитетот на проектите не е на задоволително ниво, односно, доколку поголем дел од проектите не ги задоволуваат критериумите за финансирање.

Секое здружение или фондација од вкупната предвидена сума за соодветната програма добива процент од вкупниот буџет на самиот проект согласно освоените бодови од апликацијата.Проектите кои не освоиле најмалку 51 бод нема да се земаат во предвид при распределбата на средствата.Доколку се утврди поголем број на здруженија со освоени поголем број бодови и во тој случај утврдените средства бидат потрошени , тогаш здруженијата или фондациите со помал број освоени поени не добиваат средства од предвидениот проектен фонд.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Критериумите за распределба на средствата овозможуваат да се оцени квалитетот на доставените проекти врз основа на предложените утврдени приоритетни области, а средствата да се одобрат врз основа на активностите кои го максимизираат општиот ефект на самиот повик за поднесување на предлог – проекти.

Критериумите се однесуваат на значењето на предлог–проектот, финансискиот и оперативниот капацитет на организацијата, очекуваните резултати, одржливоста на проектот, рационалност на бараните финансиски средства.

За оценување на проектите врз основа на критериумите се користи бодување за секој од критриумите.

## СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ

Комисијата за одлучување на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми. Максимум бодови што еден проект може да добие е 100 бода.
Рангирањето на предлог проектите се врши на тој начин што првопласиран предлог-проект е оној кој има најголем вкупен број на поени, потоа следи предлог- проектот со пониският број на вкупни и така до најнискиот број на вкупни поени.

**Критериумите за оценување на проектите се дадени во табелата:**

| Ред. бр. | Критериум | Бодови |
|---|---|---|
| **1.** | **Капацитет на организацијата** | **20** |
| 1.1 | Референтна листа на проекти | 5 |
| 1.2 | Приложени биографии на клучен персонал | 5 |
| 1.3 | Релевантно искуство (искуство во имплементација на слични проекти) | 10 |
| **2.** | **Квалитет на проект** | **50** |
| 2.1 | Релевантност на акцијата ( колку целите кореспондираат со стратешките документи на општината) | 5 |
| 2.2 | Анализа и актуелност на проблемот | 10 |
| 2.3 | Колку резултатите од активностите се остварливи и мерливи | 10 |
| 2.4 | Родова еднаквост | 5 |
| 2.5 | Ефекти во средината ( влијание врз целните групи и корисниците) | 10 |
| 2.6 | Видливост на проектот и негова одржливост (медиумска покриеност, број на обучени луѓе итн.) | 10 |
| **3.** | **Буџет** | **30** |
| 3.1 | Дали буџетот соодветствува со планираните активности и со пазарните цени | 10 |
| 3.2 | Дали е соодветен соодносот на буџетот (човечки ресурси – максимум 30%; директни трошоци – максимум 60% и индиректни трошоци максимум 10% од буџетот | 20 |
| | **ВКУПНО:** | **100** |

Врз основа на освоените бодови , здружението/фондацијата добива соодветен процент од побараниот износ, односно колку бодови има освоено, толкав процент од побараниот буџет ќе добие здружението/фондацијата согласно расположливите средства.

## УСЛОВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ПОСЛЕ ОДОБРУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА

### СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

По донесување на одлуката за доделување на средствата и после јавното објавување, Општина Македонски Брод и здружението/фондацијата кое /ја има добиено финансиски средства во рок од 7 дена од денот на одлуката, склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски. При склучувањето на договорот, здруженијата и фондациите кои имаат ревидиран буџет доставуваат ревидирана проектна апликација и буџет согласно одобрените средства.

Доколку финансиската реализација на грантот не започне најдоцна 30 дена од утврдениот термин за почеток, а за причината Носителот на проектот не го извести давателот на грантот писмено, ќе се смета дека носителот се откажал од користењето на грантот со што важноста на договорот престанува.

### ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет на проектот ќе бидат префрлени на сметка на носителот на проектот и тоа: првата рата во висина од 40% од одбрниот буџет во рок од 15 дена по потпишувањето на договорот. Втората рата во висина од 40% по доставувањето на периодичен наративен извештај и последната рата од 20% по поднессување и одобрување на завршен наративен и финансиски извештај.

Извештаите и барањата за плаќање се доставуваат исклучиво до архива на Општина Македонски Брод, Одделение за ЛЕР на адреса: ул.„7-ми Септември“ бр.4, Македонски Брод.

Здруженијата или фондациите кои имаат добиено финансиски средства за поднесениот проект, поднесуваат наративен извештај за реализација на проектот и барање за плаќање за втората транша на средства и завршен наративен извештај за реализација на проектот со финансиски извештај до Комисијата најдоцна до 31.01. следната година.

Обрасците за наративен и финансиски извештај ќе се достават до поддржаните здруженија /фондации во електронска форма после потпишувањето на договорот.

### СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА

Импементацијата на проектите ќе ја следи Комисијата за распределба на средства.комисијата врз основа на планот за мониторинг доставен од здруженијата корисници на средства ќе врши мониторинг на имплементацијата на проектите.

Набљудувањето вклучува посети на однапред најавени активности во рамките на проектот.

Комисијата исто така спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженијата/фондациите. Комисијата поднесува писмен извештај за користењето на распределените средства и постигнатите резултати од поддржаните проекти до Советот на Општина Македонски Брод.

Доколку во текот на на реализацијата се утврди дека добиените средства не се користат во согласност со договорот за спроведување на одобрениот проект, ќе се бара да се вратат примените средства.

Оваа методологија влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод, а ќе се применува од 2019 година.

**18 – 760/8**
**30.07.2018 год**.

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на МЕТОДОЛОГИЈА за доделување на финансиски средства на здуженија на граѓани и фондации од буџетот на Општина Македонски Брод**

Се објавува **МЕТОДОЛОГИЈА за доделување на финансиски средства на здуженија на граѓани и фондации од буџетот на Општина Македонски Брод,** што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст) а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по доставено барање од Сиљан Радески бр.18-697 од 12.07.2018 година, Советот на општина Македонски Брод на 11-та седница одржана на ден 30.07.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**како еднократен надоместок по барања од физички лица**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2018 год. донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Сиљан Радески му се добрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари како помош за лекување

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, категорија 46 субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 760/9**

**30.07.2018 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица**

Се објавува **Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица (Сиљан Радески)**, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст) а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по доставени барања од физички лица Даниел Крстески со бр.18-697/2 од 12.07.2018 година, Советот на општина Македонски Брод на 11-та седница одржана на ден 30.07.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**како еднократен надоместок по барања од физички лица**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2018 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за промоција на песна под наслов „Земјо мила“ и тоа како следи на:

- Даниел Крстески му се добрува еднократен надоместок во износ од 5.000,00 денари

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, категорија 46 субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 760/10**

**30.07.2018 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица**

Се објавува **Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица (Даниел Крстески)**, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година (Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), по доставено барање бр.18-654/1 од 03.07.2018 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2018 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков**

1.На Организациониот одбор за турнир во мал фудбал во Самоков по повод празникот Илинден се одобруваат финансиски средства во висина од 20.000,00 денари како финансиска подршка за организирање на традиционален турнир, а средствата да се исплатат на лицето Александар Силјаноски со ж-ска 300017101488424 депонент Комерцијална Банка АД Скопје како што е наведено во барањето.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година, програма АО, ставка 464 990 други трансфери.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 760/11**

**30.07.2018 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков**

Се објавува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17 пречистен текст), а согласно член 30 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/17), Советот на општина Македонски Брод на 11-та седница одржана на ден 30.07.2018 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**за реконструкција на цокле на верски објект Турбе Св.Никола во Македонски Брод**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 30.07.2018 година донесе решение за одобрување на финансики средства во противвредност од тоа како следи:

- 10 вреќи цемент и еден (1) трактор ризла за малтерисување на цокле на верски објект ТУРБЕ Св.Никола во Македонски Брод

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2018 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, категорија 46 субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 760/12**

**30.07.2018 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на цокле на верски објект Турбе Св.Никола во Македонски Брод**

Се објавува **Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на цокле на верски објект Турбе Св.Никола во Македонски Брод,** што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на седницата одржана на ден 30.07.2018 година.

**Бр. 08 - 760/13**

**06.08.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 11-та седница одржана на ден 30.07.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за превземање на мерки од страна на Агенција за храна и ветеринарство во врска со бесправно движење на живи животни**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2018 година по информацијата доставена од Агенција за храна и ветеринарство и опширната дискусија по однос на оваа проблематика донесе ЗАКЛУЧОК со кој се укажува на Агенцијата за храна и ветеринарство со асистенција на полицијата на територија на Општина Македонски Брод да врши тековно следење на бесправното движење на (живи животни) пчели и друга стока и доколку немаат регистрирано РБО одобрено од надлежен ветеринарен инспектор кој го покрива Епизитиолошкото подрачје за истите да превземе дејствија согласно законската надлежност заради спречување и пренесување на болести и заштита на паша и пасишта. Согласно овој заклучок Агенцијата за храна и ветеринарство благовремено да го информира Советот на општина Македонски Брод за превземените дејствија.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18-760/4**
**30.07.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

**Службен гласник број 8 од 06.08.2018 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС – Македонски Брод за прво полугодие од 2018 година ..................... стр. 2

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на полугодишна информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС – Македонски Брод за прво полугодие од 2018 година ........................................................................................................ стр. 3

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за II квартал за 2018 година ............................................................... стр. 4

Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот „Доградба на локалниот пат за селото Косово“ .............................................................. стр. 5

Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за кофинансирање на проектот „Доградба на локалниот пат за селото Косово“ ............... стр. 6

Одлука за одобрување на паричен и непаричен придонес за кофинансирање на потпроектот „Доизградба и модернизација на локалниот пат од туристичка населба Близанско до туристичка населба Здуње“ ...................................................................... стр. 7

Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на паричен и непаричен придонес за кофинансирање на потпроектот „Доизградба и модернизација на локалниот пат од туристичка населба Близанско до туристичка населба Здуње“ ...................................... стр. 8

Методологија за доделување на финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Македонски Брод ..................................................... стр. 9

Заклучок за објавување на Методологија за доделување на финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Македонски Брод ..... стр. 17

Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ................................................... стр. 18

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ............................................................................................................................ стр. 19

Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица .................................................. стр. 20

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица .......................................................................................................................... стр. 21

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков ........................... стр. 22

Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков ......................................................................................................................... стр. 23

Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на цокле на верски објект Турбе Св.Никола во Македонски Брод .... стр. 24

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за реконструкција на цокле на верски објект Турбе Св.Никола во Македонски Брод ......................................................................................... стр. 25

Заклучок за превземање на мерки од страна на Агенција за храна и ветеринарство во врска со бесправно движење на живи животни ...................................................... стр. 26